РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1501/5
17-10-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 9-та седница одржана на 09.10.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-1501/1 од 26.04.2024 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување, за предметниот случај.

Предметот со број 12-1501/1 од 26.04.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-1501/1 од 26.04.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител, која првично била доставена до Министерство за внатрешни работи на РСМ и потоа проследена на надлежно постапување од овој орган до ДКСК. Пријавата не содржи јасни наводи за прекршување на забраните во изборниот процес претседателски и парламентарни избори 2024 година. Наведено е дека од страна на службено лице ///, градоначалник на /// за време на изборниот процес, биле прекршени забраните уредени во чл. 34 ст. 1 ал. 3 од Законот за спречување на корупцијата, со склучување на договори за вработување на лица во ///, без да се наведат конкретни лица со кои биле склучени овие договори за вработување.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Ценејќи ја содржината на пријавата, како и фактот дека истата е поднесена од непознат подносител, ДКСК оцени дека нема можност за обезбедување на дополнителни сознанија за предметниот случај. Следствено, ДКСК пријавата ја отфрли, бидејќи предметот нема елементи за надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: Б. Ц., член

Доставено до:
- Архивата на ДКСК